# Дека се чуло џанам видело моме в'зандани да лежи




Дека се чуло џанам видело, мома в зандани да лежи ) 2п

Мома в зандани џанам да лежи
за татковите џанам бор чови
за братовите џанам крвници

Нејната мајка џанам ја пита каде си ќерко мори Богдано ) 2п

Еве сум мајко мори,зошто сум
белото лице мајко потемне
рамната снага мајко ослабе

Продавај мајко мори дворови ,да ме извадиш мајко од зандани ) 2п

Продавам ќерко мори продавам
турците мори ќерко не сакајат
твојето лице ќерко го сакајат

Девет години мајко как лежам
уште девет мајко мори ќе лежам
верата не си мајко менувам.